ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

**ПОКАНА**

за учество на тренинг за подготовка на План за квалитет на амбиентен воздух

Ни претставува задоволство и чест да Ве поканиме да учествувате на тренингот за подготовка на План за квалитет на амбиентен воздух кој ќе се одржи на **16.11.2023** со почеток од **10 часот** во **просториите на Универзитет Гоце Делчев во Штип**.

Тренингот го организира Центар за климатски промени, во рамките на проектот „Справување со загадување на воздухот", кој е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Тренингот ќе го спроведуваат проф. Д-р. Дејан Мираковски, Ректор на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, Анета Стефановска и Александра Несторовска Крстеска од Министерство за животна средина и просторно планирање и проф. Д-р. Ружица Цацаноска, а ќе им овозможи на учесниците да се запознаат со законската регулатива за подготовка на План за квалитет на амбиентен воздух, обврските за општините, но и да се запознаат како се подготвува инвентар за емисии на загадувачки супстанци во воздухот и која е потребата од пропорционирање на уделите на загадувачки супстанци во воздухот во вкупното загадување. Воедно, тренингот ќе вклучи и информации за вклучувањето на родови аспекти при креирањето на плановите за квалитет на амбиентен воздух. Во рамките на тренингот се планира и посета на Лабораторијата Амбикон при УГД.

За таа цел од исклучително значење за оваа работилница е присуството на претставници на општината кои работат во релевантните сектори и одделенија.

Во прилог Ви ја доставуваме и агендата за тренингот. Воедно, со цел подобра организација на настанот Ве замолуваме најдоцна до 15.11 да не информирате за бројот на претставници од Вашите општини кои ќе присуствуваат на тренингот.

Со надеж дека ќе ја прифатите оваа покана, и ќе бидете дел од тренингот, останувам со почит,

Бојана Станојевска Пецуровска,
Центар за климатски промени

Sweden Sverige

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

UNDP

Агенда

Тренинг за подготовка на План за квалитет на амбиентен воздух

| | | |
|---|---|---|
| *10:00-10:30* | Регистрација на учесници | |
| *10:30-10:40* | Отварање на тренингот | Проф. Др. Дејан Мираковски<br>UNDP претставник |
| *10:40-10:50* | Вовед во тренингот и темата | Бојана Станојевска Пецуровска |
| *10:50-11:20* | Преглед на законска регулатива за подготовка на План за квалитет на амбиентен воздух и обврски за општините | Анета Стефановска, МЖСПП |
| *11:20-11:50* | Подготовка на инвентар за емисии на загадувачки супстанциво воздухот, како составен дел на планот за квалитет на амбиентен воздух | Александра Несторовска Крстеска, МЖСПП |
| *11:50-12:10* | Пауза за кафе | |
| *12:10-13:00* | Потребата од пропорционирање на уделите на загадувачки супстанци во воздухот во вкупното загадување | Проф. Др. Дејан Мираковски |
| *13:00-13:30* | Вклучување на родови аспекти при креирањето на плановите за квалитет на амбиентен воздух | Проф. Др. Ружица Цацаноска |
| *13:30-14:00* | Дискусија и заклучоци | |
| *14:00-14:30* | Посета на Лабораторија Амбикон, УГД | Сите учесници |
| *14:30-15:30* | Ручек | |